

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 9-15 мај 2025 Билтен бр. 595**

# ЈАКИМОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ЗБРАТИМЕНАТА ОПШТИНА СТАРИ ГРАД

**По повод одбележување на Денот на општина Стари Град – Сараево, од 3 до 5 мај тричлена делегација предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски присуствуваше на свечената седница на оваа босанска локална самоуправа. Во таа насока, беа разменети подароци помеѓу градоначалникот на општина Стари Град, Ирфан Ченгиќ и градоначалникот Стевчо Јакимовски, и претставници на пријателски градови и општини, со што дополнително се потврди соработката, пријателството и меѓусебната поддршка. Градоначалникот на општина Стари Град, Ирфан Ченгиќ, им се заблагодари на гостите за нивното доаѓање, нагласувајќи ја важноста на меѓународната и меѓуградската соработка за развојот на заедницата и рече дека општина Стари Град ќе продолжи да ги негува односите со пријателските локални заедници .**



## „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД" ВО КАРПОШ

**Веќе неколку години наназад, администрацијата на Општина Карпош е дел од националната еко акција ,,Генералка викенд", па така традицијата на чист Карпош продолжува и денеска. Оваа година акцијата е во организација на ,,МаМ Хоум" во соработка со ,,Пакомак" , ,,Нулта отпад" и ЈП ,,Комунална хигиена – Скопје", а се спроведува во 55 општини на ниво на целата држава. Целта беше да се собере што е можно повеќе отпад, кој потоа ќе се однесе до најблиската ПАКОМАК, Нула Отпад или локалната комунална станица за отпад и каде што потоа ќе се измери количината на собраниот отпад.**

**Предвидено е, за секои 10 килограми отпад, Министерството за земјоделство да донира по едно дрво во својот годишен план за пошумување нови шуми наречени „СОНЧЕВА ГОРА" – национални зелени споменици што ќе растат секоја година.**

**Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, е голем поборник за здрава и чиста околина, кој се вклучи во оваа еко акција:**

**-Ова е акција во која се вклучени сите институции во државата за почиста и поздрава околина, вклучувајќи ги и вработените во општина Карпош, како и лицата вработени кои се грижат за хигиената. Морам уште еднаш да апелирам, бидејќи повеќепати е спомнато но нема подобрување, за пушачите кои ги фрлаат пикавците и златните кесички од кутиите каде ќе стигнат, наместо да го сочуваат во џеп па да го фрлат во најблискиот контејнер или канта за отпад. Покрај ние што се грижиме треба да се грижат и граѓаните. За жал очигледно е дека вработените од ЈП Комунална хигиена дигаат раце и освен што земаат месечна плата, друго ништо не прават. Граѓаните секој месец плаќаат за зеленилото, и за подигање на сметот, но пак контејнерите ни се полни. И покрај тоа што преземавме ние да го одржуваме блоковското зеленило и улици, тие да ги одржуваат булеварите, и тоа не им одговара. По направената контрола неможевме да затекнеме повеќе од 4-5 одржувачи на хигиена од ЈП Комунална хигиена, а исто толку ги има и на ЈП Паркови и зеленило. Јас како градоначалник кој веќе 15 години ја водам општинава, го поставувам прашањето, има ли смила за постоењето на овие две јавни претпријатија, вака како што тие се поставени?! Можам слободно да кажам дека ние сме заробеници на овие две претпријатија со години. Хигиената некогаш била многу подобра но имало моменти кога и била полоша, но во моментов таа е најлоша, благодарение на лошото функционирање на овие две јавни претпријатија. – рече Јакимовски кој додаде дека е голем поборник овие две претпријатија да се поделат подеднакво на сите скопски општини и приходите да доаѓаат во Општините, за да може хигиената во секоја Општина да биде на ниво за какво заслужува секој граѓанин. Тој исто така посочи дека граѓаните на Карпош плаќаат најдобро за одржување на хигиената и комун[...] месец, што значи дека на овој начин[...]**



# ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА И УЧИЛИШТЕ „ВИНГС" ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски денеска официјално ја промовираше новата домашна инвестиција во општината, Интернационалното училиште „Вингс". Во рамки на интернационалното училиште од септември минатата година функционира градинка, а во тек се уписи за ученици во прво и второ одделение за следната учебна година.**

**-Морам да ви кажам дека сум фасциниран од ова училиште и градинка. Направено е нешто многу квалитетно, многу квалитетна инвестиција и особено ми е драго што тоа се случува на ниво на општина Карпош. Посебно ми е драго што ќе се видат техничките решенија кои што го подобруваат амбиенатлниот воздух за децата кои што престојуваат во градинките и во училиштата. Топло им препорачувам на граѓаните да дојдат, да ја видат оваа градинка и училиште, и да го направат најдобриот избор – рече Јакимовски.**

**Училиштето е сместено во објектот на поранешен хотел Гранит, на улица Миле Поп Јорданов бр.44, а оттаму велат дека за децата се обезбедени најдобри амбиентални услови, односно целиот внатрешен простор е опремен со високо ефикасен систем за филтрација на воздух со ХЕПА филтер, што претставува единствена образовна институција во Македонија која има инсталирано ваков тип прочистувачи.**



# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ ЌЕ СЕ ЕДУЦИРААТ, КАКО ТРЕБА ДА СЕ ОДНЕСУВААТ КОН СВОИТЕ СОУЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Во организација на Секторот за дејности од јавен интерес при Општина Карпош и невладината организација „Пркос", денеска во ООУ „Димо Хаџи Димов" се одржа промотивен настан во чии рамки беа презентирани печатени материјали и информативно видео од едукативен карактер, наменети за основците од Карпош. Станува збор за брошура, постер и промотивно видео насловено како „10 совети за учтиво однесување со деца со пореченост" чиј автор е НВО „Пркос", која е лоцирана на територијата на локалната самоуправа.**

**Печатените материјали и информативното видео ќе бидат достапни и употребливи за учениците од сите основни училишта во Карпош кои во рамки на образовната настава ќе се едуцираат, како најсоодветно да се однесуваат и притоа да ги вклучат своите соученици со попреченост во инклузивниот процес. Во таа насока, Општина Карпош финансиски ги покри трошоците за изработка на печатените материјали и информативното видео. На денешниот промотивен настан присуствуваа стручните соработници од основните училишта во Карпош, претставниците од НВО „Пркос", како и вработените од Секторот за дејности од јавен интерес,**



# СООПШТЕНИЕ

**Општина Карпош интензивно работи на пролетно генерално чистење на собирните и станбените улици како и блоковското парковско зеленило низ урбаните заедници.**

**Во саботата, на 10 мај, сите вработени од општината беа вклучени на генерално чистење на целата територија на општината.**

**Во текот на вчерашниот ден секторот за екологија изврши темелно расчистување на тревниците од сува трева, искршени гранки, пластики, камења и друг отпаден материјал како и чистење на собирните и станбените улици од насобраниот смет покрај рабниците на тротоарите. Ова темелно чистење во текот на вчерашниот ден беше спроведено во Карпош 3, денеска екипите го расчистуваат Карпош 4, а во текот на утрешниот ден оваа активност ќе се спроведе на територијата на Карпош 1 и Карпош 2.**

**Ги повикуваме граѓаните максимално да придонесат кон подобрување на хигиената особено на тревните површини. Посебно напоменуваме дека општината веќе изврши три косења на блоковското зеленило, но за жал, обврската што ја има ЈП „Парокови и зеленило“ за одржување на булеварското зеленило не го извршува согласно потребите на граѓаните и парите што ги добиваат со наплатата на сметките од граѓаните на општина Карпош. Упатуваме апел до ЈП „Комунална хигиена“ и ЈП „Паркови и зеленило“ да се однесуваат одговорно кон средствата што ги добиваат од граѓаните на Карпош и да ги исполнуваат своите законски обврски.**

# ФУДБАЛЕРИТЕ НА „ДИМО“ ГО ОСВОИЈА ПОБЕДНИЧКИОТ ПЕХАР ВО УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ



**Основците од „Димо Хаџи Димов“ го крунисаа првото место убедливо совладувајќи ги своите ривали од ООУ „Братство„ со резултат 5:1, во последното коло од училишните спортски лиги во фудбал за 2024/2025 година кои ги организира Општина Карпош. Со вкупно освоени 41 поен, екипата од Влае заслужено дојде до првата позиција на табелата, додека пак тимот на ООУ „Војдан Чернодрински“ со 37 поени го освои среброто. Годинава, третото место им припадна на фудбалерите од ООУ „Лазо Трповски“ со освоени 36 поени.**

**На завршниот натпревар присуствуваше и градоналчалникот Стевчо Јакимовски, кој во оваа пригода ги додели индивидуалните и колективните награди на најдобрите играчи и најуспешните фудбалски екипи.**

**Навистина ми е драго што нашите ученици ни покажаа како треба да се однесуваат спортистите, во поглед на фер плеј играта и пожртвуваноста на теренот. Денеска победи екипата на „Димо Хаџи Димов“ а учениците со тоа му приредија една голема награда на својот наставник по физичко воспитување, господинот Борче којшто заминува во пензија. Ова претставува едно прекрасно испраќање на својот драг наставник кој воедно и за мене е еден драг човек, бидејќи ние се познаваме одамна. Притоа, сите ученици коишто го освоија првото место во рамки на училишните спортски лиги во кошарка, фудбал и одбојка (девојчиња), како и основците кои во својата категорија се прогласени за најдобри спортисти, ќе бидат наградени на начин што Општина Карпош за нив обезбеди седумдневно летување во Грција. Јас на сите им посакувам успешно да ја завршат оваа учебна година и да се забавуваат што е можно повеќе на летниот одмор – додаде Јакимовски.**

# ДРЖАВНО СРЕБРО ЗА ОДБОЈКАРКИТЕ ОД ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

**Основките од „Владо Тасевски“ постигнаа огромен успех освојувајќи го високото второ место на државното првенство, во рамки на Малите Олимписки игри во одбојка за девојчиња кои се одржаа во Делчево. Во денешното финале покрај одличната игра на теренот, екипата од „Козле“ сепак не успеа да го скрши отпорот на своите ривалки од Тетово, по што тимот на ООУ „Лирија“ заслужено дојде до победничкиот пехар. Одбојкарките од „Владо Тасевски“ мотивирано влегоа во финалниот меч, откако претходно во полуфиналето славеа над домаќинките, односно екипата на ООУ „Климент Охридски“ од Делчево. Во борбата за третото место, бронзениот медал го освоија одбојкарките од ООУ „Видое Подгорец“ од Струмица.**

**Задоволни од прикажаната игра, младите одбојкарки од Карпош оставија одличен впечаток на државно ниво, достоинствено претставувајќи го своето училиште и општината од која доаѓаат.**



# МЕЃУНАРОДНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ – СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

**Во рамки на 65-тата седница која се одржа во амфитеатарот на Универзитетот Скопје, советниците од Карпош расправаа и полноважно одлучуваа по 22 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока, широка поддршка доби Предлог – Одлуката според која Општина Карпош обезбеди наградно летување во детскиот камп „Каливас“ во соседна Грција, за победничките училишни екипи во фудбал, кошарка и одбојка- (девојчиња), како и за индивидуално прогласените основци – спортисти кои постигнаа најдобар успех на овогодинешните училишни спортски лиги – Карпош 2025.**

**Со одлука на Советот, локалната самоуправа ќе додели вкупно 19 парични награди на професорите – тренери по физичко образование, како и на индивидуално прогласените ученици – спортисти за постигнатиот успех во рамки на училишните спортски лиги – Карпош 2025. Имено, деветмина професори чија екипа во фудбал, одбојка и кошарка има освоено едно од трите најдобри позиции во годинешниве училишните спортски лиги, ќе добијат еднократна финансиска награда од Општина Карпош. Поточно, за освоено прво место, тројца професори ќе добијат 8.000 денари, другите тројца чија екипа го освои второто место ќе добијат 6.000 денари, додека пак останатите тројца професори чија екипа ја заземе третата позиција во фудбал, кошарка и одбојка, ќе бидат наградени со 5.000 денари. Десет основци од Карпош кои беа прогласени за најдобри спортисти во училишните лиги, исто така ќе бидат парично наградени со 6.000 денари.**

**Мнозинството советници го дадоа својот глас за Предлог – Правилникот за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, со кој се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката според кои Општината ќе ги распределува финансиските средства за таа намена. Финансиската поддршка се доделува по пат на јавен повик кој го распишува Комисијата за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, чии корисници се спортски клубови од подрачјето на општина Карпош. Според Правилников се предвидува и доделување на стипендии за талентирани спортисти – жители на Карпош кои учат во VIII и IX одделение. Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општината за 2025 година изнесува 1.000.000 денари. Во случајов, максималниот износ за еднократна финансиска поддршка кој може Комисијата да го предложи е лимитиран до 30.000 денари. Исто така, со оваа Програма ќе се финансираат и здруженија на граѓани со основна дејност спорт и рекреација, кои во оваа област се регистрирани најмалку три години на територијата на локалната самоуправа.**

**Со истата динамика беше изгласан и Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на општина Карпош. Оттука, клубовите кои немаат сениорски тимови а работат со млади категории и притоа имаат соодветни спортски постигнувања, Комисијата за еднократна финансиска поддршка за нив може да одобри максимален паричен износ во висина до 60.000 денари.**

Советот ја изгласа и Предлог – Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на Спортско адреналински парк-Карпош. Станува збор за објект со вкупна површина од 1.600 м2, кој се издава под закуп за вршење на дејност за која е наменет за период најмногу до 5 години, во согласност со закон. Притоа закупнината треба да се исплаќа девет месеци во годината (од март до ноември), а останатиот период, закупецот е должен да ги подмирува трошоците за одржување на објектот.

Советниците дадоа „зелено светло“ за користење повеќенаменската сала, која е дел од култниот спортски објект „Партизан“ во Карпош 3. Термините за користење на салата се распоредени од понеделник до сабота со почеток од 8 до 23 часот, при што во недела и за државни празници салата нема да работи. Просторот ќе се користи исклучиво според утврден распоред на термини, од каде еден термин ќе трае 75 минути. Висината на надоместокот за користење е утврдена во зависност од временскиот период кога ќе се користи салата. Имено, во термините од 08:00 до 11:45 часот, надоместокот ќе изнесува 1.300 денари. Од 11:45 до 15:30 часот термините ќе чинат 1.500 денари. Во периодот од 15:30 часот до 19:15 часот изнајмување на термин ќе чини 2.000 денари, а од 19:15 до 23:00 часот за користење на салата ќе се наплаќа по 2.400 денари од термин. Термините се доделуваат во времетраење од една година, од денот на потпишување на договорот. Истите правила и критериуми ќе важат и за користење на малата сала во рамки на спортскиот објект „Партизан“. Советот даде согласност за издавање под закуп на кафетеријата и салата на првиот кат, кои се составен дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан. Станува збор за изнајмување на кафетерија и сала со вкупна внатрешна површина од 225 м2 (175 м2 сала и 50 м2 кафетерија). Висината на месечната закупнина на кафетерија и салата ќе изнесува 54.500 денари почетна цена, при што основен критериум за избор на најповолен наддавач ќе биде највисоката понудена месечна закупнина.

Советниците ја поддржаа Одлуката за отстапување на просторија во рамки на спортската сала „Партизан“, на Меѓународното здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје’’. Во случајов, оваа невладина организација која допринесува за развојот на спортот и културата во Карпош може да ги користи просториите најмногу во период од 5 години, при што се ослободува од плаќање на надоместок.

Советот ја поддржа измената и дополната во Програма за активностите на Општина Карпош за 2025 година, во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ. Со измените во Програмата се создаваат реални услови да се обезбедат повеќе паркинг места на барање на постојното население. Општината тоа ќе го стори преку продажба на градежното неизградено земјиште предвидено со намена Е2-Комунална супраструктура, со што ќе можат да се задоволат потребите на локалното население.

# ЈАКИМОВСКИ: ЛЕГАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕДЕН ОД ОБЈЕКТИТЕ ЗА КОЈ БЕВ ОСУДЕН ЈА ВОДЕЛ АДВОКАТ ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ

**Легализацијата на еден од објектите за кој бев осуден, ја водел како полномошник, адвокат Панче Тошковски, човекот кој заедно со Миле Јанакиевски беше дел од тимот што го изготвуваа законот за легализација, изјави денеска градоначалникот на Карпош Стевчо Јакимовски на прес конференција на која презентираше нови ексклузивни докази кои ја потврдуваат неговата невиност во осудителната пресуда.**

– Овие докази се однесуваат на постапката водена за легализација на четирите објекти кои се наоѓаат покрај „Илинденска“. Што е интересно? Интересно е што легализацијата на еден од овие објекти ја водел како полномошник адвокат Панче Тошковски. Урбанистичката согласност ја подигнал адвокат Панче Тошковски, а на пресметката на комуналиите потпишан е Александар Јанакиевски. Тој е сега раководител на сектор за урбанизам во Гази Баба. Претходно бил раководител на сектор за урбанизам во Град Скопје, а претходно раководител за урбанизам во општина Центар, рече Јакимовски.
„Господинот адвокат, сега министер Панче Тошковски, не го потенцирам за да го инкриминирам, напротив. Сакам да кажам дека господинот Тошковски ја познава оваа материја одлично“, нагласи градоначалникот и додаде:
-Тој не би поднел барање за легализација како полномошник на сопственикот на ДОТ Мебел, ако не е сигурен дека објектот има право на тоа, од причини што господинот Панче Тошковски заедно со Миле Јанакиевски учествуваше во тимот што го изготвуваше законот за легализација. И она што е уште најинтересно, полномошникот Панче Тошковски до нас има доставено изјава заверена на нотар од страна на сопственикот на објектот дека објектот го поседува повеќе од 20 години и дека ПОТЕНЦИРАМ објектот е диваградба!, Значи сега имаме мртва трка меѓу оној што го чита законот и оној што го правел законот. И сега треба да погодиме од прилика кој подобро ја познава оваа материја. Ова е уште еден доказ дека во моментов оваа пресуда е само политичка и ништо повеќе и ова само покажува дека кога е во прашање струка тогаш адвокат Панче Тошковски совесно си ја завршил својата работа бидејќи објектот имал право на легализација, рече градоначалникот



# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ Е ШАМПИОН НА МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА „КОЧАНИ – ДЕЛЧЕВО 2025“!

**Денес, во спортската сала на ООУ „Никола Карев“ – Кочани, во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, се одиграа полуфиналните и финалните натпревари во футсал, каде нашите ученици покажаа тимски дух, спортски жар и извонредна игра!**

**Во полуфиналето, убедливо ја совладаваа екипата на домаќинот со резултат 2:6, а во возбудливото финале против ООУ „Тодор Ангелески“ – Битола, успеаа да триумфираат со резултат 1:0 и ја понесоа шампионската титула!**
**Честитки за нашите млади шампиони и голема благодарност до наставниците и поддржувачите!**
**#МалиОлимпискиИгри2025 #Шампиони #ГордостНаКарпош #ООУПетарПопАрсов**

